Изработил:
Одделение за општи и правни работи
м-р Даниела Такева
Контролирал
Раководител на Одделение за општи и правни работи
Ивана Ивановска

Предлагач: Градоначалник Иван Гоцевски

Донесува: Совет на Општина Делчево

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ЗА 2025 Г.

**март 2026**

**ИЗВЕШТАЈ**

**за реализација на ПРОГРАМАТА**

**за активностите на Општина Делчево за**

**поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

## I ВОВЕД

Општина Делчево за 2025 г прв пат донесе Програма со која ги дефинира активностите за поддршка на граѓанскиот сектор. Програмата е усвоена на 42 Седница на Советот одржана на 26.12.2024 г., а е објавена во „Службен гласник на Општина Делчево" бр.1/ 2025 г. Програмата е изработена врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ"бр.84/20 и 202/24), член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации („Сл весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Сл весник на РСМ" бр. 239/22) , член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) и врз основа на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор на Општина Делчево за периодот 2024-2028 г.

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, т.е. граѓаните кои се активно вклучени во подобрување на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општество и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани. Граѓанското учество подразбира вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки и креирање политики и гради мост меѓу власта и граѓаните, создава потранспарентна власт и помага во подобрување на услугите.

Граѓанското учество на територијата на Општина Делчево е сè поактивно и во насока да се подобри ефикасноста на локалната власт и да се подобри испораката на јавните услуги, како и ефикасноста на локалните институции.

Општина Делчево ги има препознаено важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на деморатските процеси во општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Граѓанските организации во Делчево ја имаат

потврдено својата посветеност на пресретнување на потребите на граѓаните преку бројни активности, како: културни манифестации, спортски настани, социјална и хуманитарна помош, еколошки акции, поддршка на образованието и сл.

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на соработката со граѓанските организации.

**Развој** - континуирана поддршка на граѓанските организации за реализација на програмите и проектите.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од Програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Промоција** – промовирање на сите активности преку организација на јавни трибини, наменски средби со организациите од конкретна област, објавување на информациите на веб-страницата на Општината и на локалните медиуми.

**Еднакви можности и недискриминација -** почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во остварувањето на нивните основни права и слободи и на придобивките од политичките, економските и социјалните процеси и механизми. Граѓанскиот сектор по својата природа на делување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, особено маргинализираните како: сиромашни, жени, Роми, лица со посебни потреби и сл. Па, врз основа на овој факт, Програмата ја има предвид и социјалната кохезија како приоритетна област која единствено може да биде достигната ако се почитуваат прнципите на еднаквост, еднакви можности и недискриминација.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за активностите во областа на спортот во Општина Делчево за 2025г. е направена врз основа на основните одредби на:

- Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ" бр.52/2010,135/2011, 55/2016 и „Сл. весник на РСМ" бр.239/22 )
- Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ" 5/2002 и „Сл. весник на РСМ" бр.84/20 и 202/24).
- Законот за еднакви можности („Сл. Весник на РМ" бр. 201/15)
- Статут на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021),
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.02/2018 и 21/2025).

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1 Општа цел:

Во Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 г. поставена е главна цел на Програмата: промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики.

### 2.2. Области на делување и специфични цели:

Програмата ги таргетира следните области на делување и специфични цели:

1. Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината
   - Специфична цел: 1. Зголемување на учеството на младите, момчиња и девојчиња, во креирање локални политики и програми.
   - Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите, момчиња и девојчиња, за болестите на зависност, значењето на превентивните здравствени прегледи кај мажите и женит, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и др.
2. Учество на граѓаните во локалниот развој
   - Специфична цел: 1. Унапредување на соработката помеѓу Општина Делчево и здруженија и фондации во согласност со можностите и условите, преку воспоставување механизми за соработка;
   - Специфична цел: 2. Создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;
   - Специфична цел: 3. Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии
   - Специфична цел: 4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.
   - Специфична цел: 5 Вклучување на најмлаку една жена во работата на месните и урбаните заедници.

3. Развој на услуги
   - Специфична цел: 1.Обезбедување постојани и квалитетни услуги за граѓаните
   - Специфична цел: 2.унапредување на интерниот систем за соработка со ГО

4. Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија на климатските промени
   - Специфична цел: 1. Намалување на интензитетот на загадување и на климатеските програми
   - Специфична цел: 2. Креирање програми/стратегии за искористување обновливи извори на енергија

## III РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА (анализа)

### 3.1 Прва Програма за соработка со ГО на Општина Делчево

Со овој документ, врз основа на досегашните постигнати резултати и актуелните општествени текови и стандарди, Општина Делчево за прв пат разработи рамка за активности кои ќе овозможат понатамошно зајакнување и развој на соработката со граѓанскиот сектор. Исто така, се поттикнува граѓанскиот активизам во општината, се унапредува соработката со организациите и се дава придонесе кон нивен постојан развој. Овој документ и активностите предвидени во него претставуваат водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнување на граѓаните да се вклучат во креирањето на локалните политики.

Општина Делчево посветено работи и поседува голем број локални документи од стратешко значење за Општината, а граѓанскиот сектор активно учествувал во нивната изработка и во планирањето на мерките и активностите, како и во нивната имплементација.

Одреден број НВО (РЦЗ Делчево, НВО КХАМ, ЗГ „Аронија", ЗРА „Пијанечки глас", ЗФГ „Копачка" – с.Драмче, КУД „Гоце Делчев"– Делчево, РКЕЦ „Тернипе МК" – Делчево, ХЗППЛПП „Бравура Кооператива", ЗМ „Локален младински совет Делчево", активно учествувале во изработката на Локалниот акциски план за социјална заштита, како дел од локалната Програма за социјалните потреби на граѓаните од социјална заштита на Општина Делчево (2006), како и Локалниот еколошки акциски план. Уште поважно е дека, во најголем број од планираните мерки и активности за спроведување на акциските планови, НВО се едни од главните партнери и/или носители на имплементацијата. Исто така, Регионалниот центар за застапување изработи неколку стратешки документи за Општина Делчево: Стратегијата за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024, Стратегија за ЛЕР 2021-2025; Со поддршка на МИЛИЕУКОНТАКТ МАКЕДОНИЈА за потребите на проектот од УСАИД – општински стратегии за климатски промени е изработена Стратегија за климатски промени 2016-2026; Со поддршка на Организација ЖЕНА изработена е Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите 2023-2026. Организацијата ЖЕНА работи на прашањата поврзани со еднаквите можности, правната писменост на жените и маргинализираните групи, психосоцијалната поддршка, информираноста на жените од руралните средини за надлежностите на Општината, носењето на Буџетот и сл, и директно се поврзува со реализација на дел од предвидените активности и мерки во Програмата за еднакви можности на Општина Делчево.

Во Општина Делчево се регистрирани околу 60 граѓански организации, од кои активни се дваесетина. Најзастапени се оние кои дејствуваат во областите: екологија, регионален развој, меѓугранична соработка, социјална инклузија на маргинализирани групи, еднакви можности на жените и мажите, култура, образование, здравствени и хуманитарни дејности, спорт, земјоделство и други.

Во организациската структура на Општината не постои посебен сектор ниту одделение за соработка со граѓанскиот сектор. Сепак, соработката е институционализирана во рамките на Одделението за правни и општи работи, како и Одделението за локален економски развој кои се вклучени во активностите за соработка и поддршка на ГС.

Финансиските средства за поддршка на проектите на здруженијата се планирани со програмата за Локален економски развој. Притоа се финансираат здруженијата и фондациите од областа на ЛЕР, културата, образованието, здравствената заштита, заштитата и унапредувањето на животната средина, младите и младинските политики, еднаквите можности на жените и мажите. Исто така, се финансираат и активности од областа и други настани поврзани со спорт, земјоделие, туризам и др.

Општина Делчево има потпишано меморандуми за соработка и договори со ГО од државата за реализација на значајни проекти. Позначајни се: Меморандум за соработка со UN WOMEN за имплементација на родовиот аспект во локалните програми и воведување на родово одговорно буџетирање, Договор со НАЛАС, КДЗ и ЕУ за протектот „Паметен дигитален градски пилот проект- „Иновативен систем за нега на постари лица – Далечински мониторинг на пациентите и дијагностика во Општина Делчево". Социјално мапирање на ранливите категории граѓани со посебен фокус на потребите на лицата со попреченост, жени и девојки со попреченост кој го спроведуваше Општина Делчево во партнерство со ЗГ „Бравура кооператива", а во рамките на регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво" имплементиран од Мрежата на асоцијации на локални власти на ЈИЕ – НАЛАС и Асоцијациите на локалните власти од Западен Балкан, а со поддршка на ГИЗ и ЗЕЛС. Потпишан Меморандум за соработка со ОО на Црвениот крст со цел унапредување на хуманитарните активности, волонтерството, крводарителството и програмите од јавен и општествен интерес во Делчево. Исто така, во текот на 2025 г е потпишан Меморандум за соработка со ЗГ „Гласен текстилец" од Штип за реализација на активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите.

### 3.2 Финансиска поддршка од Општина Делчево

Финансиската поддршка на Општина Делчево на граѓанските здруженија во Општина Делчево е согласно со одредбите од член 49 од Законот здруженија и фондации и согласно со одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Средства се доделуваат согласно со Правилникот и во транспарентен процес преку јавен повик кој се објавува на почетокот на календарската година во месеците јануари/март.

Висината на средствата за финансиска помош на граѓанските здруженија се одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно со одредбите од овој Правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 49 од овој Правилник.

Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие здружението во тековната година по пат на јавен повик може да изнесува најмногу до 100.000 денари. Постапката за доделување финансиска помош на граѓански здруженија ја спроведува Комисија за доделување финансиска помош на граѓански здруженија согласно со одредбите на овој Правилник.

## 3.3. Објавен Јавен повик

Распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општината за поддршка на ГС се врши преку објавување јавен повик за поднесување проекти, во кој се дефинираат областите од интерес, условите и потребните документи за докажување на капацитетот на организациите, како и со одлуки донесени од Советот на Општина Делчево.

Повикот за 2025 година е со бр.08-280/2, а е објавен на 03.02.2025.

Општина Делчево има изработено стандардизирани формулари со кои граѓанските организации аплицираат за добивање финансиска поддршка за реализација на проекти и програми и тие се јавно достапни на веб-страницата на Општината. Следењето на реализацијата на доделените финансиски средства се врши преку поднесување квартални извештаи кои содржат наративен и финансиски дел, но не постои посебен систем за мониторинг на имплементацијата и евалуација на постигнатите резултати од проектите кои биле финансиски поддржани.

На Јавниот повик во 2025 г. се пријавиле 8 здруженија од Делчево кои аплицирале со програми или проекти. Комисијата по разгледување на апликациите ја поднесе Предлог-листата до градоначалникот, по што беа потпишани договорите за соработка меѓу Општина Делчево и ГО. Согласно со горенаведениот Правилник, Комисијата е составена од 5 (пет) члена од кои 3 (три) членови од општинската администрација и 2 (двајца) членови на Советот на Општина Делчево.

Листата на доделена финансиска помош на здруженија на граѓани од Општина Делчево по објавен Јавен повик за 2025 г е следна:

| Р.бр. | Назив на граѓанско здружение | Назив на проектот/ програмата | Износ |
|---|---|---|---|
| **1.** | Организација ЖЕНА Делчево | „Младинска акција за лидерство, дијалог и промени". | **100.000ден.** |
| **2.** | КУД„Гоце Делчев" Делчево | „Делчево фест" 2025 и 19-та Пијанечко-Малешевска свадба во функција на туристичка понуда на регионот 49-ти Меѓународен музички и фолкорен фестивал | **90.000ден.** |
| **3.** | Здружение фолклорна група КОПАЧКА с. Драмче Делчево | „Школа за свирење тамбура" | **70.000ден.** |
| **4.** | Здружение на граѓани ЕУРИТМИКС Делчево | Подобрување на инструментариумот и материјали за музичка, драмска, литературна и ликовна едукација, награди за меѓународни конкурси и јавни настапи-Промоција на Делчево како град на таленти | **50.000ден.** |
| **5.** | РКЕЦ „ТЕРНИПЕ МК" Делчево | „Јубилејни 45 години Ромски културен и едукативен центар ТЕРНИПЕ МК Делчево" | **40.000ден.** |
| **6.** | Здружение на производители на органски производи АРОНИЈА Делчево | „Како да произведеме биохрана" | **35.000ден.** |
| **7.** | Здружение на пчелари ПИЈАНЕЧКА ПЧЕЛА ДВА Делчево | Програма за дејствување на Здружението на пчелари ПИЈАНЕЧКА ПЧЕЛА ДВА Делчево | **35.000ден.** |
| **8.** | ПЛАНИНАРСКИ СПОРТСКИ КЛУБ ГОЛАК-Делчево | „Животна средина и културно-историски знаменитости во Општина Делчево" | **30.000ден.** |

## 3.4 Доделени средства од Буџетот на Општина Делчево

- Вкупно доделени средства за 2025 година на граѓански здруженија се во износ од **227.000,оо денари.**

- Правната основа за доделување на средствата на здруженија и фондации е Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.2/2018) и одлуки за одобрување финансиски средства донесени од Советот на Општина Делчево.

- Процентот од Буџетот на Општината за 2025 година кој ги преставува доделените средства на граѓански здруженијата е 0,14 % од основниот Буџет на Општината.

- Одлуките се објавуваат јавно на веб- страницата на Општина Делчево, одлуките донесени од Советот на Општината се објавуваат во „Службен гласник на Општина Делчево".

- Граѓанските здруженија кои добиваат средства преку Јавен повик имаат обврска во текот на годината да доставуваат извештаи за реализирани активности во форма на полугодишни извештаи до крајот на месец јули и годишни извештаи до крајот на тековната година. Сите здруженија во пропишаниот рок поднеле извештаи за добиените средства од Општина Делчево.

- Општина Делчево исплати дел од доделените средства по објавениот Јавен повик. Од предвидените 450.000 денари за распределба по Јавниот повик, Општина Делчево исплати 170.000 ден.

- Врз основа на донесени одлуки на Советот на Општина Делчево, исплатени се вкупно 57.000 ден.

- Табелата со исплатени средства изгледа вака:

| **Општина Делчево** | |
|---|---|
| **Вкупно доделени средства од буџетот за 2025 година за финансиска поддршка на здруженија и фондации** | **227.000 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно доделени средства на здруженија по пат на јавен оглас** | | **170.000 денари** |
| **Вкупно доделени средства на здруженија без јавен оглас** | | **57.000 денари** |
| **Доделени средства на здруженија по јавен оглас** | | |
| **Назив на граѓанско здружение** | **Проект/Програма** | **Доделени финансиски средства** |
| Планинарски спортски клуб ГОЛАК-Делчево | „Животна средина и културно-историски знаменитости во општина Делчево" | 10.000,оо |
| Здружение на пчелари „ПИЈАНЕЧКА ПЧЕЛА ДВА" Делчево | Програма за дејствување на Здружението на пчелари ПИЈАНЕЧКА ПЧЕЛА ДВА Делчево | 15.000,оо |
| Здружение на производители на органски производи АРОНИЈА Делчево | „Како да произведеме биохрана" | 35.000,оо |
| Здружение ромски културен и едукативен центар ТЕРНИПЕ МК Делчево | „Јубилејни 45 години Ромски културен и едукативен центар ТЕРНИПЕ МК Делчево" | 20.000,оо |
| Организација ЖЕНА Делчево | „Младинска акција за лидерство, дијалог и промени" | 30.000,оо |
| Здружение на граѓани ЕУРИТМИКС Делчево | „Подобрување на инструментариумот и материјали за музичка, драмска, литературна и ликовна едукација, награди за меѓународни конкурси и јавни настапи-Промоција на Делчево како град на таленти" | 20.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| Здружение фолклорна група КОПАЧКА с. Драмче Делчево | „Школа за свирење тамбура“ | 20.000,оо |
| Здружение културно уметничко друштво ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Делчево | „Делчево фест 2025“<br>19-та Пијанечко-Малешевска свадба во функција на туристичка понуда на регионот 49-ти Меѓународен музички и фолкорен фестивал | 20.000,оо |
| **Доделени финансиски средства без јавен оглас** | | |
| **Здружение** | **Проект** | **Доделени финансиски средства** |
| Здружение за одржлив развој ВИТАЛНОСТ Делчево | Со Одлука на Советот на Општина Делчево по поднесено барање од здружението за организирање на настан | 15.000 |
| Ловечко друштво ОСТРЕЦ Делчево | Со Одлука на Советот на Општина Делчево по поднесено барање од здружението за организирање на настан-Ловечка вечер | 42.000 |

## 3.5 Реализирани проекти

### 3.5.1 Област на делување: Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината

- **Специфична цел: 1. Зголемено учество на младите во креирање на локалните политики-**

1. Општина Делчево даде поддршка на работата на Локалниот младински совет, обезбеди логистика, ги вклучува во процесите на донесување локални програми и политики и се грижи за надградба на капацитетите на младите активисти и обезбедува учество на различни форуми и обуки и се грижи за нивно членување во национални тела.

2. Реализиран проектот „Младинска акција за лидерство, дијалог и промени" од Организација ЖЕНА со поддршка на проектот од Општина Делчево. Реализирани обуки за меки вештини: комуникација, тимска работа и лидерство. Обуката се реализираше во две дела (на 16.12.2025 и на 24.12.2025) и беше фокусирана на практично стекнување знаења и вештини кои се клучни за личен развој и младинско лидерство.
3. Организиран **промотивен настан по повод Денот на волонтерството** - По повод 5 Декември – Светскиот ден на волонтерите, во Општина Делчево се одржа настан кој беше посветен на одбележување на хуманоста, солидарноста и вредноста на волонтерството и крводарителството во заедницата. Настанот беше организиран како знак на признание за сите кои несебично го даруваат своето време, енергија и добрина за доброто на другите, како и за оние кои со својот пример ја пренесуваат пораката дека дарувањето е највисок чин на човечност. Воедно, се промовираше и Законот за волонтерство- со цел запознавање на младите (м/ж) за можностите што ги нуди Законот за волонтерство со цел нивно активирање во општествените текови.На настанот учествуваа 30 волонтери од кои 28 девојчиња и 2 момчиња.

- **Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите за болестите на зависност, дискриминација, врсничко насилство родово базирано насилство и др.**

1. По повод 16 дена активизам против родово базирано насилство изработени се брошури на тема превенција и заштита од врсничко насилство. Снимен е поткаст на темата врсничко насилство во нашите училишта со проф. Весна Димитровска од СОУ „М.М.Брицо". Активностите ги реализираше Организација ЖЕНА во соработка со Општина Делчево.
2. „Силата на една жена"- трибина по повод Розовиот месец октомври- Во организација на ЈЛБ „Илинден" и со поддршка на Општина Делчево беше организирана едукативна трибина за заштита и превенција од канцер на дојка. На трибината присуствуваа 2 докторки, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија и д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, жени оперирани од канцер на дојка и ученици. На трибината беа вклучени и ученици од СОУ „М.М.Брицо" кои добија награди за своите творби по литературниот конкурс на тема „Силата на една жена".
3. Трибина со фокус на машкото здравје- во организација на КЕМ на Општина Делчево. Трибината понуди мултидисциплинарен пристап кон машкото здравје на која учество зедоа доктори од различни области од Здравствениот дом во Делчево. На трибината со наслов „Фокус на машкото здравје", говореа: д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија, д-р Даниела Илиевска, спец. по неврологија, д-р Тони Ѓеоргиевски, спец. по интерна медицина, д-р Александар Стојменовски. Учесници: 5

доктори (3ж и 2м). Едуцирани 42 граѓани (13ж и 29м). Трибината беше организирана по повод Месецот на машкото здравје-ноември.

### 3.5.2 Област на делување: Учество на граѓаните во локалниот развој

- **Специфичната цел 1: Поддршка и унапредување на граѓанските здруженија кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.**

1. Општина Делчево распиша Јавен повик бр.08-280/2, објавен на 03.02.2025., а средствата се доделија согласно со Правилникот за Општина Делчево во транспарентна постапка и со сите здруженија кои аплицираа по повикот беа потпишани договори. Но, средствата беа делумно исплатени.

- **Специфична цел 2: Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани од различни интересни групи.**

1. Општина Делчево во континуитет обезбедува просторни услови за реализација на дел од активностите на граѓанските здруженија предвидени во нивните годишни програми. Оваа поддршка е обезбедена со давање согласност за користење на фоајето, мултифункционалниот центар и салата во спомен- домот АСНОМ кои се сопственост на Општина Делчево без надоместок за реализација на одредени настани, настапи и проби, а по претходно поднесено писмено барање од страна на здржението.

2. Општина Делчево даде поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и други видови помош на граѓански здруженија и фондации.

- Општина Делчево даде поддршка на ЗПОП „Аронија" од Делчево за издавање публикација „како да произведеме биохрана" која беше отпечатена во 200 примероци. Публикацијата е дистрибуирана до локалните производители на храна на локалниот пазар и на други заинтересирани производители. Одобрени средства по Јавниот повик-исплатени 35.000 ден.

- Општина Делчево даде поддршка за реализација на дел од активностите на Здружението „Пијанечка пчела два" и за учество на делчевските пчелари на Пчеларски саем во Врање. Одобрени средства по Јавниот повик-исплатени 15.000 ден.

- Општина Делчево даде поддршка за реализација на проектот на Здружението ЕУРИТМИКС „Подобрување на инструментариумот и материјали за музичка, драмска, литературна и ликовна едукација, награди за меѓународни конкурси и јавни настапи-Промоција на Делчево како град на таленти" при што помогна да се набави дел од потребните музички исхтрументи: електрично пијано, две укулеле, сталак за пијано, калимба, слушалки, мелодика и ножно дајре. Целта на проектот беше подобрување на музичката едукација, развојот на таленти кај децата и младите од Делчево. Набавените инструменти се ставени во функција на редовната настава по музика, за подготовка на јавни настапи, концерти и културни манифестации.Одобрени средства по Јавниот повик- исплатени 20.000 ден.

- **Партнерство со Регионален центар за застапување- Делчево -**се реализира проектот за прекугранична соработка „Интегрирани прекугранични туристички акции во Благоевградско-делчевскиот регион" во рамките на Програмата IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, Приоритет 3: „Интегриран развој на прекуграничниот регион", имплементиран од Општина Делчево и Регионален центар за застапување од македонска страна и Општина Благоевград и Алфатур од бугарска страна. Вкупната сума на проектот е 991.641,39 евра од кои 842.895,17 од Европската Унија, а остатокот е национално кофинансирање од 90.441,18 (Бугарија) и 58.305,04 (Северна Македонија). Во рамките на овој проект се реализираат: изградба на скејт-парк, изградба на кејот на река Брегалница во должина од 300 м возводно и изработка на Маркетинг- стратегија за популаризација на туристички производ и поголем број други активности поврзани со јакнење на капацитетите и промоција на двата прекугранични региони во функција на туризмот.

- **Специфична цел 3: Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии**

1. Општина Делчево организираше буџетски форум за креирање на Буџетот за 2026 г. На двете форумски сесии во рамките на Форумот на заедницата организиран за креирање на Буџетот за 2026 година, учествуваа по 35 граѓани од нив 20 жени, а 15 мажи со што повторно се потврдува фактот за поголем интерес на жените од мажите во процесот на донесување одлуки на локално ниво и поголем интерес за вклучување во активностите на општината. За прв пат на форумите присуствуваа 10 жени од с. Разловци, с. Тработивиште и од маргинализираните заедници-Ромки, организирани од Организацијата ЖЕНА.

- **Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.**

1. Општина Делчево даде поддршка за манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на општината со цел зачувување на континуитетот.

   - **Поддршка за одбележување јубилеј 45 години од постоење на ТЕРНИПЕ МК и одбележување на 8 Април**, **Меѓународниот ден на Ромите** преку проект во реализација на РЕЦ ТЕРНИПЕ-МК. РЕЦ ТЕРНИПЕ МК- одбележа јубилеј 45 години со: 8 Април- Меѓународен ден на Ромите, 6 Мај Хедерлез, Работилници „Традиционална ромска музика,

инструменти, ора, носии и обичаи, Јубилеен концерт 45 години ТЕРНИПЕ МК Делчево со поканети гости и соработници, Постановка на етнографска и фотографска изложба (времеплов 1980 - 2025). Одобрени средства по Јавниот повик-исплатени 20.000 ден.

- Поддршка за реализација на Меѓународен фестивал „Делчево-фест 2025" организација од **КУД „Гоце Делчев**"- кој се одржа на 5,6 и 7 септември. На фестивалот настапија 14 културно-уметнички друштва:
КУД „Гоце Делчев"Делчево (организатор и домаќини); Тапанџии;Зурли и тапани; Блех- оркестарТЕРНИПЕ Делчево; Фолклорна група „Копачка" село Драмче; РКЕЦ „Тернипе МК" Делчево; Фолклорна група „Димитар Беровски" Берово Фолклорна група „Малешевска ќитка" Пехчево; Ансамбл „Љиљан " Скопје; Ансамбл за народни песни и ора „Тоска" Штип; КУД „Јане Сандански" Пехчево; Ансамбл за народни песни и танци „Атанас Манчев" Бургас, Република Бугарија; Фолклорен ансамбл „Св.Климент Охридски" Симитли, Република Бугарија; Друштво за култура „Каблови" Јагодина, Република Србија; Друштво за фолклор, млади и спорт - Изник Република Турција; Вокални солисти, инструменталисти, музички групи, естрани уметници и други Културно уметнички друштва. Одобрени средства по Јавниот повик-исплатени 20.000 ден.

- Поддршка за реализација на проектот **„Школа за свирење тамбура**" и Програмата на ЗФГ „Копачка" с. Драмче- Набавени се две стари тамбури од Киро Симоновски од Македонска Каменица и ангажиран е наставникот Горан Ќурчиски кој успешно ја води Школата за свирење тамбура. Одобрени средства по Јавниот повик-исплатени 20.000 ден.

- **Поддршка за реализација на планинарски маршеви** по повод одбележување годишнина од Февруарски поход и по планинарски марш по повод одбележување годишнина од Разловечкото востание на ПСК „Голак" Делчево. Одобрени средства по Јавниот повик- исплатени 10.000 ден.

- **Реализација на хуманитарни акции „Со срце за Делчево" и Куќичка на надежта** по повод новогодишните празници со партнерство на Локалнот совет за млади и ОО на Црвен крст.

Со овој вид поддршка се придонесува за збогатување на културниот живот во општината, за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Делчево, поттик и афирмација на локалното творештво, унапредување на соживотот и обезбедување на континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален карактер.

**3.5.3. Област на делување: Развој на услуги**

- **Специфична цел 1: унапредување на интерниот систем за соработка со ГО**

1. Ажурирање на општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево со цел Општина Делчево да има увид во активностите на ГО, во нивните области на делување и спроведени активности.

2. Во текот на 2025 г. преку општинската веб-страница се спроведени анкети на кои учествувале 58 **граѓани** од нив 63,5 % се жени:
   - На анкетниот прашалник со кој се собираа предлози од Буџетот за 2026 одговориле 48 испитаници. Од нив 52,3% се мажи, а 47,7% се жени и за прв пат, има поголем интерес кај мажите за пополнување на анкетниот прашалник.
   - На е-анкетниот прашалник за мобилност има само 10 одговори од нив 80% жени, додека на прашалникот доставен директно до родителите во писмена форма има 159 одговори од нив 97 жени, 40 мажи и 12 анкетирани не ја пополниле графата за пол.

- **Специфична цел 2: Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните**

1. **Поддршка за развој на услуги за маргинализирани граѓани и промоција на услугите за маргинализираните граѓани.**

   -Општина Делчево соработува со психосоцијалното советувалиште и советовалиштето за бесплатна правна помош –проект на Организација ЖЕНА.

   -Општина Делчево соработува со Организација ЖЕНА за средбите со жени од рурални средини, во рамките на проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници" финансиран од Делегацијата на Европската Унија, а кофинансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондација Kvinna till Kvinna и Хуманитарно Здружение „Мајка" - Куманово. Целта на проектот е да се активираат локалните жени за да се обезбеди конструктивен придонес со мерки за политики за инклузивно и родово одговорно програмирање и буџетирање на ЕЛС. Проектот се имплементира и во соработка со одговорните лица за еднакви можности во Општина Делчево и прв пат дел од овие жени учествуваа во Буџетскиот форум за креирање на Буџетот за 2026 г. Досега се одржаа средби со жени во с.Тработивиште и с.Разловци на кои присуствуваа 70 жени. Исто така, изготвени се и анализи на потребата на жените од с.Разловци и с. Тработивиште, при што се доби генерална слика на состојбата, но се исцрта и главниот предизвик кој се провлекува низ, речиси, сите сектори, а тоа е хроничниот недостаток на проактивна, таргетирана и лесно разбирлива комуникација од страна на општината кон жените. Жените не можат да ги користат услугите и можностите за кои не знаат, или за кои имаат само површни, „делумни" информации.

**2. Поддршка на НВО кои се лиценцираат како провајдери за давање услуги**

- Дадена поддршка на ЗГ „Бравура кооператива" за услуга-рехабилитација и реинтеграција на лица со посебни потреби;
- Општина Делчево даде поддршка на ЗГ „Бравура кооператива" за развој на услугите: Помош и нега во домот-грижа за стари лица;
- Општина Делчево соработува со ОО на Црвен крст Делчево за развивање на услугата: Лична асистенција и помош и нега во домот;
- Општина Делчево преотстапи дел од просториите во старата касарана за развивање социјални услуги на ГО, моментално дел до просторот се реновираше со донации и го користи ЗГ „Бравура кооператива" за првото социјално претпријатие ИНТЕГРА.

**3.5.4 Област на делување: Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатските промени**

- **Специфична цел: 1.** Намалување на интензитетот на загадување и креирање програми за искористување обновливи извори на енергија

1. Соработка на Општина Делчево со Регионалниот центар за застапување за реализација на проектот „Зелен баланс – локални акции за здрави заедници" во ООУ „Ванчо Прке" каде беше и официјално пуштена во употреба урбана градина изградена во рамките на проектот, финансиран од Европската Унија, а се реализира во партнерство со РЦЗ.

**IV План на реализирани активности од оперативна, родово сензитивна буџетска Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 година на Општина Делчево (табеларен приказ)**

| **1. Област на делување: Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Носител на активноста** | **Рок на реализација** | **Буџет мкд** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зголемено учество на младите во креирање на локалните политики | 1.Поддршка на работата на Локалниот младински совет | **1.**Општина Делчево има назначено службеник за млади-тоа е административната службеничка Милена Багевска.<br>**2.** обезбедени канцелариски материјали и просторни услови за работа на ЛМС<br>3. промоција на книгата „Ехо на љубовта" од Никола Митовски-настан по повод Денот на македонски јазик.<br>4. поддршка за организација на хуманитарна велигденска акција-обезбедени и поделени 40 оброци на социјално загрозени семејства.<br>5.организирани 4 планинарски маршеви. | ЛМС | Тековно 2025 | 1.Обезбедени донации од општествено одговорни компании |
| | 2.Реализиран проектот „Младинска акција за лидерство, дијалог и промени | Одржани 2 работилници за меки вештини:комуникација,тимска работа и лидерство.<br>Стекнати знаења и вештини на 20 млади од СОУ; 18 (Ж) и 2 (М). | Организација ЖЕНА | Декември 2025 | **30.000** |
| | 3. Организиран промотивен настан по повод Денот на волонтерството | Организирана една промоција на значењето на волонтерството преку настан на кој присуствуваше градоначалникот и волонтерите на ОО на Црвениот крст. | Општина Делчево и ОО на Црвен крст Делчево | 5 Декември 2025 | **/** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Учесници беа 30 волонтери (28ж и 2м) | | | |
| 2.Зголемување на свеста кај младите за болестите на зависност, дискриминација, врсничко насилство родово базирано насилство и др | По повод 16 дена активизам против родово базирано насилство изработени се брошури на тема превенција и заштита од врсничко насилство. Снимен е поткаст на темата врсничко насилство во нашите училишта со проф. Весна Димитровска од СОУ „М.М.Брицо". | -Изработени 400 брошури<br>-дистрибуирани брошурите до сите ученици од СОУ „М.М.Брицо"<br>-Емитуван 1 поткаст на тема: врсничко насилство | Организација ЖЕНА | **Декември 2025** | **/** |
| | „Силата на една жена"- трибина по повод розовиот октомври | Учесници на настанот:<br>5 ученички (5ж)<br>20 жени<br>3 мажи<br>10 жени оперирани од канцер на дојка<br>2 доктори (ж) | ЈЛБ „Илинден" Општина Делчево | Октомври 2025 | **/** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Трибина на тема: Машкото здравје во фокусот | Трибината понуди мултидисциплинарен пристап кон машкото здравје на која учество зедоа доктори од различни области од Здравствениот дом во Делчево . На трибината со наслов „Фокус на машкото здравје", говореа: д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија, д-р Даниела Илиевска, спец. по неврологија, д-р Тони Ѓеоргиевски, спец. по интерна медицина, д-р Александар Стојменовски. Учесници: 5 доктори (3ж и 2м) Едуцирани 42 граѓани (13 ж и 29м). | КЕМ | Ноември 2025 | **/** |
| **2. Област на делување: Учество на граѓаните во локалниот развој** | | | | | |
| Поддршка и унапредување на граѓанските здруженија кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево. | Распишан Јавен повик бр. 08-280/2, објавен на 03.02.2025 | На Јавниот повик аплицираа 8 здруженија на граѓани<br>Во Буџетот предвидени 500.000 ден<br>Распределени 450.000 ден.<br>Потпишани договори со сите 8 организации.<br>Делумно исплатени по овој основ се 170.000 ден<br>Исплатени со одлуки на Советот, | Општина Делчево | Тековно 2025 | 227.000 ден/ 170.000 ден (по Јавен повик)<br>57.000 ден со одлуки на Совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | два договори во висина од 57.000 ден. | | | |
| Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани од различни интересни групи**.** | 1.Обезбедени просторни услови за реализација на дел од активностите на ГО. Дадена на користење салата во АСНОМ, мултифункционалниот центар. Корисници за настапи и проби<br><br>2.Поддршка на ГО<br><br>3. Партнерство за ЕУ-проекти со РЦЗ за реализација на проект преку ИПА Програмата | Фоаје и сала во АСНОМ Мултифункционален центар АСНОМ<br>Корисници за настапи и проби: ЗФГ Копачка, КУД Гоце Делчев, Организација ЖЕНА, Пијанечка плела 2, ЕУРИТМИКС<br>Директни корисници околу 300 членови на ГО<br>2.поддршка на 3 ГО: „Аронија", „Пијанечка пчела", ЕУРИТМИКС.<br>-„Аронија", објавена публикација-200 примероци;<br>-„Пијанечка пчела два" посета на пчеларски саем во Врање<br>- ЕУРИТМИКС-набавен електрично пијано<br><br>3.Изградба на скејт-парк,кеј на р. Брегалница возводно во должина од 300 м и изработка на Маркетинг - стратегија за популаризација на туристички производ. | Општина ГО<br><br>Општина Делчево, РЦЗ | 2025<br><br>2025/2026 | Исплатени 70.000 ден (по Јавен повик)<br><br>/ |
| Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ | 1.Организирани 2 сесии од буџетскиот форум за креирање на Буџетот за 2026 | **1.-**две сесии од Буџетскиот форум<br>-учесници во сесиите по 35 граѓани (20 ж и 15 м) | Општина Делчево | Ноември 2025 | **/** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| стратегии | | -присутво на 10 жени од рурални средини (Разловци и Тработивиште и од ромската заедница)<br>-Избрани 5 приоритети и составена листа на предлози од граѓани | | | |
| Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево. | Дадена поддршка за организација на традиционални и хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево | Дадена поддршка на 5 ГО<br>Организирани<br>1.ТЕРНИПЕ МК- јубилеј 45 години од постоење<br>2. Меѓународен фолклорен фестивал Делчево фест 2025<br>3.Школа за свирење тамбура<br>4.Реализација на планинарски маршеви<br>5. Две хуманитарни акции: Со срце за Делчево" и Куќичка на надежта. | Општина Делчево<br>ГО | Тековно 2025 | 70.000 ден (по Јавен повик) |
| **3. Област на делување: Развој на услуги** | | | | | |
| Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО | 1.Ажурирање на регистерот на ГО<br><br>2.спроведени се две е-анкети<br>3. спроведена една теренска анкета за мобилност | Спроведени 2 анкетни прашалници<br>-учествувале 58 граѓани<br>-48 испитаници одговориле на прашалникот за предлози на Буџетот. Од нив: 52,3% се | Општина Делчево<br>ОСБСП | Декември 2025 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | мажи, 47,7% се жени<br>-на анкетата за мобилност одговориле 10 испитаници, 80% се жени<br>-На теренската анкета одговориле 159 испитаници од нив 97 се жени, а 40 мажи; 12 испитаници не се изјасниле во графата пол. | | | |
| Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните | 1.Соработка со на психосоцијалното советувалиште и канцеларија за бесплатна правна на Организација ЖЕНА.<br><br>2. Соработка за активност –средби со рурални жени.<br><br>3.Поддршка на НВО кои се лиценцираат како провајдери за давање услуги | -Упатени две граѓанки во психосоцијалното советувалиште<br>-упатени 14 граѓани (10ж и 4 м) во канцеларијата за бесплатна правна помош<br><br>2. Одржани две средби со жени од две села Разловци, Тработивиште<br>-присуство на 70 жени<br>-изготвени две анализи од спроведените теренски анкети со жени во Разловци и Тработивиште<br><br>3.дадена поддршка на 2 ЗГ за :<br>-Бравура кооператива за развој на услуга-рехабилитација и реинтеграција на лица со посебни потреби и за услугата помош и нега во домот-грижа за | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | стари лица;<br>-ОО на Црвен крст Делчево-развој на услугата: лична асистенција и помош и нега во домот;<br>-преотстапени дел од просториите во старата касарна за развивање социјални услуги, реновирани просториите и ги користи ЗГ „Бравура кооператива". | | | |
| **4.** Област на делување: **Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатските промени** | | | | | |
| Намалување на интензитетот на загадување и креирање програми за искористување на обновливи извори на енергија | Поддршка на РЦЗ **проектот „Зелен баланс-локални акции за здрави заедници"**<br>Во ООУ „Ванчо Прке" беше официјално беше пуштена во употреба урбана градина изградена во рамките на проектот „Зелен баланс – локални акции за здрави заедници", финансиран од | Изградена 1 урбана градина<br>Едуцирани ученици за здрави навики | РЦЗ | 2025 | **/донација** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Европската Унија, а се реализира во партнерство со РЦЗ. | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 г влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Совет на Општина Делчево**
**Бр.--------------------**
**---03. 2026**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Николчо Стојменовски**